

КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## Асистент на Управителите на Електродистрибуција (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Планирање и временско распоредување на активностите на Управителите на Електродистрибуција.
- Следење и управување со календарот и организирање на состаноци.
- Подготовка на професионални презентации на различни теми.
- Координација на патувања, вклучувајќи сместување, трансфери и патни планови.
- Водење документација и внес на податоци, обезбедувајќи прецизна подготовка на записници од состаноци и детални извештаи.
- Овозможување на непречена внатрешна и надворешна комуникација.
- Координација на потпишување на документација и договори.
- Поддршка на дополнителни иницијативи и специјални проекти по насока на Управителите на Електродистрибуција.

**Потребни компетенции:**

- Универзитетска диплома.
- Доказано професионално искуство од најмалку 2 години на слична позиција, со покажана експертиза.
- Течно познавање на англиски јазик; познавањето на германски јазик е предност.
- Искуство со MS Office и способности за решавање проблеми.
- Аналитички способности, комуникациски вештини и организациски способности.
- Способност за работа под притисок, со докажани резултати во исполнување на кратки рокови и истовремено управување со повеќе приоритети.
- Високи етички и професионални стандарди, интегритет и способност за ракување со доверливи информации.
- Прилагодливост и способност за ефективно справување со динамична и предизвикувачка работна средина.

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 15.05.2025.

**Напомена:** Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува